Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

**НАСЛОВ НА ИНФОРМАЦИЈА и СОДРЖИНА:**

ИНФОРМАЦИЈА
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА
НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 2018-2023
СО АКЦИСКИ ПЛАН 2018-2020

Оваа Информација е изготвена со цел да ја информира Владата на Република Северна Македонија за спроведување на Националната Стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023 со Акциски план 2018-2020.

Основ за изготвување на оваа информација е Заклучокот од Шеесет и втората седница на Владата на Република Македонија одржана на 3.04.2018 година со кој:
„3. Се задложува Министерство за економија еднаш годишно да ја информира Владата за текот на реализацијата на стратегијата".

Со изготвување на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2018-2023 беше изготвен и АП, но само за периодот 2018-2020. Во прилог на оваа информација е Акцискиот план 2018-2020 во кој после секоја активност во посебен ред со наслов Статус е наведено кој е состојбата на одделна активност со опис за превземените и реализирани постапки и мерки.

Најголем дел од наведените мерки и активности од Акцискиот план 2018-2020 се реализирани, значаен дел од нив се отпочнати со реализација, но Ковид 19 пандемијата и кризата услови нивно пренасочување или пролонгирање. Имено голем дел од активностите и мерките предвидени како во АП за Стратегијата за МСП така и во годишните програми преку кои се реализира Стратегијата, заради Ковид кризата беа или пролонгирани или избришани, а средствата беа пренасочени за директна поддршка на стопанството и претпријатијата, за што Владата донесе шест пакети економски мерки.
Со оглед на фактот дека е изминат временскиот период на валидност на Акцискиот план 2018-2020, а со цел продолжување на имплементацијата на предвидените мерки и активности во Стратегијата, Министерството за економија известува дека ќе пристапи кон изготвување на нов Акциски план 2022-2023.

Во продолжение Министерството за економија сумарно известува за реализирање на следниве активности од Акцискиот план 2018-2020 година од Стратегијата за мали и средни претпријатија.

По однос на **СТОЛБ 1: Поволно деловно опкружување,** <u>Програма 1.1.: Подобрување на креирањето на политиките и координацијата</u> формирано е Координативното тело за следење на имплементацијата на Стратегијата, но заради Ковид 19 пандемијата, во последните две години не беа одржувани формалните состаноци на членовите од одделните министерства и инстиуции.
Во континуитет се поддржува Агенцијата за поддршка на претприемиштвото на Република Северна Македонија (АППРСМ) и се зголемува буџетот за реализација на нејзините програмски активности.

По однос на <u>Програма 1.2:</u> <u>Поедноставување на правното и регулаторно опкружување</u> по добивање на препораките од Индексот на политики за МСП 2022, односно Извештајот за Актот за мали претпријатија за земјите од Западен Балкан и Турција кој ќе се публикува во 2022 година, ќе се пристапи кон разгледување на можноста и кон активности за воведување на „МСП тест".

Во измените на Законот за стечај кој се реализира како проект финансиран од Светска банка ќе биде

воведен концептот за *рано предупредување на компаниите.*

Се продолжува со имплементација на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2022 преку реализација на двогодишни акциски планови и со континуираната јавна едукативна и информативна кампања за обезбедување на широка поддршка на формализацијата на неформалната економија.

Во насока на н*амалување на трошоците за старт-ап претпријатијата* усвоени се измените на Законот за трговски друштва во делот основање на претпријатие со основица од 1 евро, а во собраниска процедура се измените за олеснување на постапката за формирање на претпријатие со конвертибилен заем.

За Програма 1.3.: Зајакнување и институционализирање на социјалниот дијалог, потпишан е Меморандум за јавно-приватен дијалог меѓу четирите стопански комори и Владата, а Веб страната бизнисрегулатива.мк секојдневно се ажурира со најнови податоци кои се релевантни за бизнис секторот. Преку „Стратегијата за женско претприемништво 2019-2023" и воспоставената "Националната платформа за женско претприемништво" се обезбедува вклученост и на жените во овој дијалог. Механизмот за социјален дијалог е надграден и со формирањето на владината Комисија за јавно-приватен дијалог каде членуваат министри, а ја води Заменик на Претседателот на Владата за економски прашања.

Програма 1.4. Подобрување на координацијата во собирањето и употребата на податоците за МСП и следење и оценување на МСП продолжува да се имплементира со изготвување и публикување на годишно ниво на Извештајот Опсерваторија за МСП на АППРСМ како и со обработка на податоците кои се добиваат од Централен регистар (ЦРСМ). Претставувањето на МСП секторот е унапредена и со формирањето на владината Комисија за јавно-приватен дијалог.

По однос на **СТОЛБ 2: Продуктивен и конкурентен сектор на МСП,** Програма 2.1.: Подобрување на услугите за деловен развој се спроведува преку изготвување на извештаи за реализација на годишните програми како од Министерството за економија така и од АППРСМ; идентификувањето и промовирањето на добрите практики во развојот на МСП се реализира децентрализирано преку инструментите на АППРСМ и преку инфраструктурната мрежа на 7-те Регионални Центри. Консултациите со давателите на услуги за развој на МСП се имплементира преку програмските активности на АППРСМ и тоа: Ваучерски систем на субвенционирано советување (во кој како чинители се јавуваат Организациите за деловна поддршка и консултантите), Инфо пултот, менторските услуги кои се реализираат преку институционалната мрежа на регионални центри за поддршка на МСП, како и преку јавна објава на годишните извештаи за реализацијата на програмските активности, како и преку изјави за задоволност од услугата (ваучерски советодавен систем), изјави за квалитет на добиена услуга (менторски услуги за МСП), во кои програмски активности учествуваат и жени претприемачи.

Преку веб страната konkurentost.mk компаниите на лесен и едноставен начин можат да ги добијат сите информации поврзани со различни аспекти од нивното работење, можностите за финансиска и нефинансиска поддршка од буџетски програми/проекти или донаторски проекти (Програми, Проекти, Мерки, Јавни повици, Обуки, Кредитни линии, Водење бизнис, Закони...).

Исто така и младите лица како целна група се опфатени во повеќе програмски активности на АППРСМ и тоа Програмата Самовработување, преку програмата на менторски услуги за почетни претпријатија, како и советодавни услуги со поддршка на ваучерската програма на советодавни услуги.

За Програма 2.2. Подобрување на пристапот до финансии, Развојната банка на Северна Македонија (РБСМ) го имплементира факторингот како услуга која овозможува продажба на производи и услуги на одложено плаќање, а со дополнување на Законот за РБСМ, во рамките на истата се формираше Гарантен фонд како посебна организациона единица и се ревитализираше Кредитно-гарантната шема како дел од

економските сетови на мерки донесени од Владата на Република Северна Македонија заради справување со последиците од КОВИД-19 пандемијата кој е дел од Планот за забрзан раст и развој на Владата.

Со цел унапредување на финансиската писменост како на компаниите така и на населението, изготвена е „Стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија 2021-2025“, а Народната банка на Република Северна Македонија и Министерството за финансии во континуитет спроведуваат едукативни кампањи за да допрат до сите сегменти на општеството.

Во врска со Програма 2.3. Олеснување на интернационализацијата и Програма 2.4. Поддршка на развојот на вредносниот синџир Министерството за економија информира дека е завршена јавната набавка и избран е економски оператор кој ќе работи на изготвување на “Стратегија за промоција на извозот 2022-2026”. Во неа ќе бидат содржани бројни анализи меѓу кои и за надворешно трговската размена и развојот на извозната структура по сектори, потенцијалните сектори за извоз, потенцијални извори на финансирање и сл.

Еден од очекуваните резултати на “Стратегија за промоција на извозот 2022-2026” е создавање на стратешка рамка и Акциски план за поддршка на интернационализација на фирмите, а во консултација и дијалог со засегнатите институции и страни, односно зајакнување на партнерската соработка помеѓу сите агенции и институции.

Во насока на поддршка на развојот на МСП во ИКТ секторот, од страна на Министерство за информатичко општество и администрација изготвена е нацрт „Национална стратегија за ИКТ“ со Акциски план и истата е во процес на нејзино усвојување.

Исто така постои план за дигитализација на регистри и е-услуги во рамки на проектот финансиран од ИПА 2017 година кое треба да води кон интероперабилност на институциите, а со цел олеснување на работењето на претпријатијата.

Што се однесува до поддршка на развојот на МСП во зелената економија преку реформи на националните политики и дизајнирање инструменти и услуги за поддршка, во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година, што ја спроведува Министерството за економија покрај другите мерки, спроведени се неколку мерки за оваа поддршка: за набавка и монтажа на фотоволтаични панели - затворен систем; за стручна анализа и изработка на техничко-проектна документација или техничка физибилити студија за: подготовка на претпријатие за зголемување на енергетската ефикасност, воведување на концептот на циркуларна економија и зелена економија; за изработка на проектна документација за поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија и набавка, имплементација, сертификација и обука за стандарди од областа на: хоризонтални стандарди (МКС EN ISO 50001; МКС EN; ISO 9001; ISO 14001; ISO 22000; МКС EN ISO 45001; МКС EN ISO 31000); усогласени и други стандарди и стандардизациски документи од областа на преработувачката индустрија.

За **СТОЛБ 3: Динамичен екосистем на претприемништво и иновации** и Програма 3.1. Проширување на претприемништвото во образованието и обуката може да кажеме дека претприемништвото како предмет е застапено во скоро сите нивоа на формалното образование и тоа во средното образование во рамките на предмети „Бизнис и претприемништво“, а на ниво на високо образование во наставните програми за управување со компании, односно Бизнис менаџмент.

По однос на социјалното претприемништво, во последната деценија граѓанските организации беа многу активни за подигнување на свеста за социјалното претприемништво и спроведоа бројни програми за неформално образование на оваа тема во сферата на неформалното образование. Ваквите иницијативи

беа поддржани и од одделни институции.

За воспоставувањето на нови партнерства меѓу образовните институции и индустријата покрај АППРСМ и Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) реализира свои активности и тоа во текот на Јавниот повик за инструментот „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации“, обезбеди бесплатна експертиза од следните области: Иновациски менаџмент, Анализа на пазар, Изработка на предлог проект и Заштита на правата од интелектуална сопственост, а во 2019 за јавниот повик за инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој“ при што ФИТР исто така обезбеди бесплатна експертиза од следните области: Анализа на пазар, Изработка на предлог проект и Заштита на правата од интелектуална сопственост. Воедно, на крајот на годината ФИТР го објави повикот „Стартапувај2“ за инструментот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф за што исто така се нуди бесплатна експертиза за областите: Иновациски менаџмент, Анализа на пазар, Изработка на предлог проект и Заштита на правата од интелектуална сопственост. ФИТР исто така го имплементира и иновацискиот ваучер.

За Програма 3.2: Подобрување на науката, технологијата и иновациите во развојот на МСП може да истакнеме дека во континуитет се зголемува буџетот на ФИТР, а со тоа и опфатот на поддржани МСП од аспект на иновативни проекти. Во рамки на процесот на истражување на можностите за проширување на мрежата на бизнис ангели и мапирање на користењето на ангелите инвеститори во секторот МСП изготвена е „Студија за стимулирање на неформалниот пазар на ризичен капитал преку промоција на моделот на бизнис ангели“ како основа за дефинирање и креирање на поттикнувачки мерки.

Заради поттикнување на соработката помеѓу науката и бизнисот ФИТР го реализира Иновацискиот ваучер преку кој се овозможува директен финансиски поттик кој претпријатијата го користат да покријат дел од трошоците за услугите кои ги нудат академските и научно-истажувачките институции. ФИТР во моментов работи и на развивање на шема за соработка меѓу индустријата и академијата.

Во насока на реализирање на Програма 3.3. Основање научни и технолошки паркови и инкубатори за иновации известуваме дека Министерството за економија во 2018 година преку реализација на една од мерките од годишната програма го финансираше доставениот проект преку склучување на Договор за реализација на проектот со кој е финансиран еден нов Технолошки парк во рамки на Универзитетот „Мајка Тереза“ Скопје.

Исто така на иницијатива на Владата формиран е Научно-технолошкиот парк, а го спроведуваат ФИТР и Министерството за информатичко општество и администрација. Досега е реализирана првата фаза, а во втората и третата фаза е предвидена изградба на нови згради и лаборатории кои ќе бидат завршени до 2024 година, односно до 2027 година. Студијата е финансиски поддржана од Делегацијата на ЕУ.

По однос на иницијативата за отворање на акцелератори известуваме дека ФИТР финансиски го поддржа формирањето и работењето на 3 оперативни акцелератори во земјава: X Factors, Seavus и акцелератор на УКИМ. X Factors и Seavus се приватни акцелератори, додека акцелераторот на УКИМ има партнерски модел каде што УКИМ е еден од сопствениците. Целта на овој акцелератор е да го идентификува и поддржи развојот на најперспективните претприемачи, старт-ап и компании кои се во почетна фаза на развој и се со силен комерцијален и пазарен потенцијал.